**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА**
**СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**

**Бр. 02-162/5**

**12.04.2012 година**

**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 12 став 1 алинеја 11 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија", број 88/2010), по предлог на Програмскиот совет, Управниот одбор на Академијата, на седницата одржана на 12.04.2012 година, ја утврди следната

# ПРОГРАМА ЗА ПРИЕМЕН ИСПИТ ВО АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ЗА 2012 ГОДИНА

## ОПШТИ НАПОМЕНИ

Приемот на слушатели во почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители е достапен за секој што ги исполнува условите за прием утврдени со Законот за Академија, Статутот и општите акти на Академијата и за секој што успешно ќе го положи приемниот испит во една испитна сесија.

Приемниот испит за почетна обука во Академијата се состои од полагање на:

- квалификациски тест,
- психолошки тест,
- тест за интегритет, и
- испит.

Полагањето на квалификациски тест се врши во писмена форма и анонимно, а има за цел по пат на проверка на знаењата на пријавените кандидати на домашното материјално и процесно право, меѓународното право, правото на Европската унија и најзначајните пресуди на Европскиот суд за човекови права да ги селектира кандидатите

по квалитет, определен како минимум знаење за посетување на програмата за почетна обука.

Психолошкиот тест има за цел по пат на проверка на социјалните способности да ги афирмира кандидатите за вршење на функцијата судија и јавен обвинител.

Тестот за интегритет се заснова врз постојните етички и професионални кодекси за вршење на функцијата судија или јавен обвинител и има за цел проверка на етичките и моралните вредности на кандидатот за вршење на функцијата судија или јавен обвинител.

Испитот има за цел проверка на севкупните правни знаења и способности на кандидатите за прием и посетување на програмата за почетна обука, а се состои од:

- практичен дел во писмена форма, што е анонимен, со испитна задача на конкретен судски или обвинителски предмет, и
- устен дел на испитот.

Со оваа Програма поблиску се уредени темите и областите (имајќи ги предвид и најновите измени на законските текстови) од одделни делови на приемниот испит, и тоа од следниве области: казнено материјално и процесно право, граѓанско материјално и процесно право, трговско право, уставно и управно право, меѓународно право, најзначјаните пресуди на Европскиот суд за човекови права и право на Европска унија, како и етичките кодекси за професионално вршење на функцијата судија и јавен обвинител.

## 1. КАЗНЕНО ПРАВО

### КАЗНЕНО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО

### КАЗНЕНО ПРАВО – ОПШТ ДЕЛ

1. Општи одредби за кривичното дело и кривичната одговорност:
    а) Нужна одбрана;
    б) Крајна нужда;
    в) Пресметливост;
    г) Умисла;
    д) Небрежност;
    ѓ) Стварна заблуда;
    е) Правна заблуда.

2. Обид за кривично дело.

3. Соучесништво во кривично дело:
    - Соизвршителство;
    - Поттикнување;
    - Помагање.

4. Кривична одговорност на правното лице:
    - Услови за кривична одговорност на правното лице.
    - Казни врз правните лица.

5. Казни:
    - Цели на казнувањето;
    - Видови казни:
        - Затвор и извршување на казната затвор;
        - Парична казна и извршување на паричната казна;
        - Забрана за вршење професија, дејност или должност;
        - Забрана за управување со моторно возило;
        - Протерување странец од земјата.

6. Одмерување на казната:
    - Општи правила за одмерување на казната;
    - Ублажување и граници на ублажување на казната;
    - Ослободување од казна, општи и посебни основи за ослободување од казна;
    - Стек на кривични дела;
    - Продолжено кривично дело.

7. Алтернативни мерки:
    - Цел на алтернативните мерки;
    - Видови на алтернативни мерки.

8. Конфискација на имот и имотна корист (основа за конфискација, конфискација на посредна имотна корист, начин на конфискација, проширена конфискација; заштита на оштетениот, конфискување од правно лице).

9. Одземање предмети.

10. Значење на изразите од Кривичниот законик.

## КАЗНЕНО ПРАВО – ПОСЕБЕН ДЕЛ

- **Кривични дела против животот и телото** (убиство – квалификувани и привилегирани облици на убиство);

- Семејното насилство како квалификуван облик од основните облици на **кривичните дела против животот и телото**;

- **Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** (мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување; малтретирање во вршењето на службата; спречување пристап врз јавен информатички систем);

- **Кривични дела против изборите и гласањето** (поткуп при избори и гласање; злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања);

- **Кривични дела против работните односи** (повреда на правата од работен однос; повреда на правото од социјално осигурување);

- Гонење на сторителите на **кривичните дела против честа и угледот**;

- **Кривични дела против половата слобода и половиот морал** (силување; посредување во вршење проституција; полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години);

- **Кривични дела против бракот, семејството и младината – општо**;

- **Кривични дела против здравјето на луѓето** (неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори; овозможување употреба на наркотични дроги);

- **Кривични дела против животната средина и природата – општо**;

- **Кривични дела против имотот** (кражба; тешка кражба; разбојништво; разбојничка кражба; бесправно градење; измама на штета на средства на Европската заедница; оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем; правење и внесување на компјутерски вируси; компјутерска измама; изнуда; уцена);

- **Кривични дела против културното наследство и природните реткости – општо**;

– **Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството** (перење пари и други приноси од казниво дело; злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство; криумчарење; царинска измама; даночно затајување; повреда на права од индустриска сопственост и неовластена употреба на туѓа фирма);

– **Кривични дела против државата** – казнување за подготвување и казнување за најтешки форми;

– **Кривични дела против службената должност** (злоупотреба на службената положба и овластување; примање поткуп; давање поткуп; противправно стекнување и прикривање имот);

– **Кривични дела против правосудството** (спречување на докажување; незаконито влијание врз сведоци; присилба врз правосуден работник; неизвршување на судска одлука);

– **Кривични дела против правниот сообраќај** (посебни случаи на фалсификување исправи; компјутерски фалсификат);

– **Кривични дела против јавниот ред** (терористичка организација; тероризам; финансирање тероризам; недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи);

– **Кривични дела против човечноста и меѓународното право** (трговија со луѓе; криумчарење мигранти; трговија со малолетно лице).

**<u>Литература за казнено материјално право</u>**

- Кривичен законик на Република Македонија – пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“, број 19/04), Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“, број 19/04), Закон за дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“, број 81/05), Одлука на Уставен суд на Република Македонија од 5.4.2006, Закон за изменување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“, број 60/06), Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“, број 73/06), Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“, број 7/08) и Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“, број 139/2008), Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“, број 114/09, 51/2011, 135/2011 и 185/2011);
- Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“, број 98/08); Закон за измена и дополнување на Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (Службен весник на Република Македонија“, број 145/2010).

## КАЗНЕНО ПРОЦЕСНО ПРАВО

- Јавен обвинител – општи одредби за надлежноста на јавниот обвинител;

- Оштетениот како тужител и приватен тужител;
- Бранител;
- Имотно-правни барања и привремено обезбедување и одземање предмети или имот;
- Донесување и соопштување на одлуките;
- Доставување на писмена;
- Предистражна постапка;
- Посебни истражни мерки;
- Истрага;
- Заштита на сведоците, на соработниците на правдата и на жртвите;
- Мерки со кои се обезбедува присуството на обвинетиот;
- Обвинување – видови, приговор против обвинителен акт и одлуки по приговорот;
- Главен претрес (раководење, претпоставки за одржување на главниот претрес, одлагање и прекинување);
- Пресуда – видови пресуди, писмена изработка и доставување на пресудата;
- Жалба – основи поради кои може да се побива пресудата;
- Одлуки на второстепен суд по жалба;
- Жалба на пресуда на второстепениот суд;
- Вонредни правни лекови – основи за нивно изјавување и надлежност за постапување по нив;
- Донесување пресуда без главен претрес;
- Постапка врз правни лица;
- Постапка за конфискација на имот и имотна корист и одземање предмети;
- Постапка за давање на меѓународна правна помош и извршување на меѓународни договори во кривични предмети;
- Постапка за екстрадиција на обвинети и осудени лица.

**<u>Литература за казнено процесно право</u>**

- Закон за кривичната постапка – пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“, број 15/05); Закон за изменување и дополнување на Законот за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија“, број 83/08), Закон за дополнување на Законот за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија“, број 67/09) и Закон за изменување на Законот за Кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“, број 51/2011);
- Закон за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“, број 62/2006), Одлука на Уставен суд од 09.12.2009 година; Закон за измена и дополнување на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“, број 51/2011);
- Закон за судовите („Службен весник на Република Македонија“, број 58/2006), Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“, број 35/2008 и број 150/2010);
- Закон за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, број 60/2006); Закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на РМ („Службен весник на Република Македонија“, број 150/2010 и број 100/2011);
- Закон за јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија“, број 150/07); Закон за изменување на Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија“, број 111/08);

- Закон за Совет на јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“, број 150/2007) и Закон за изменување и дополнување на Законот за Советот на јавните обвинители на РМ („Службен весник на Република Македонија“, број 100/2011);
- Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“, број 2/06); Одлука на Уставен суд од 10.5.2006; Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“, број 57/2010);
- Збирки на судски одлуки.

## ПРЕКРШОЧНО ПРАВО

1. Материјално-правни одредби:
    - Прекршок и прекршочна одговорност;
    - Примена на одредбите од Кривичниот законик;
    - Видови на прекршочни санкции.

2. Посебни прекршочни мерки:
    - Конфискација на имот и имотна корист и одземање предмети.

3. Постапка за порамнување и посредување:
    - Цел на постапката за порамнување и посредување и дејства во постапката.

4. Процесно-правни одредби:
    - Надлежност за прекршок;
    - Надлежност на прекршочен орган.

5. Прекршочна постапка пред надлежен суд.

**<u>Литература за прекршочно право</u>**

- Закон за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“, број 62/2006); Одлука на Уставен суд од 09.12.2009 година; Закон за измена и дополнување на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“, број 51/2011);
- Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“, број 2/06); Одлука на Уставен суд од 10.5.2006; Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“, број 57/2010).

## МАЛОЛЕТНИЧКА ПРАВДА

1. Општи правила за санкциите што им се изрекуваат на малолетниците.
2. Процесни одредби во постапката за малолетници.

**<u>Литература за малолетничка правда:</u>**

- Закон за малолетничка правда („Службен весник на Република Македонија“, број 87/07);
- Закон за изменување на Законот за малолетничка правда („Службен весник на Република Македонија“, број 103/08);

- ❖ Закон за изменување на Законот за малолетничка правда („Службен весник на Република Македонија“, број 161/08);
- ❖ Закон за малолетничка правда („Службен весник на Република Македонија“, број 145/2010).

## 2. ГРАЃАНСКО ПРАВО СО ТРГОВСКО ПРАВО

### 2.1 ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО

#### 2.1.1 СТВАРНО ПРАВО

1. Право на сопственост и видови сопственост;
2. Сосопственост и заедничка сопственост;
3. Стекнување имот во брачна и вонбрачна заедница;
4. Стекнување право на сопственост (правни основи и начини);
5. Заштита на правото на сопственост;
6. Престанок на правото на сопственост;
7. Заштита на владение;
8. Службеност, видови и нивна заштита;
9. Залог на недвижности, подвижни предмети и права;
10. Стварни права на странски лица.

#### 2.1.2 ОБЛИГАЦИСКО ПРАВО

1. Правна и деловна способност на физичките и правните лица;
2. Договор, начин на склучување на договорот – општи услови на договорот;
3. Форми на договорот;
4. Услов и рок;
5. Застапувања – при склучување договор и полномошно;
6. Ништовност и рушливост на договори и правни последици;
7. Причинување штета:

    - Основи на одговорност;
    - Штета;
    - Видови одговорност (општо);
    - Надомест за штета и видови надомест (општо);

8. Стекнување без основа;
9. Дејство на обврските – доверителски права и должнички обврски;
10. Договорна казна и казнена камата;
11. Начини на престанување на обврските (општо);
12. Застареност – поим, дејство, време на настапување на застареноста, застој и прекинување;
13. Парични обврски – договорна камата;
14. Договор за продажба – општо.

### 2.1.3 НАСЛЕДНО ПРАВО

1. Законски наследници – наследни редови;
2. Нужни наследници, исклучување и лишување од нужен дел;
3. Видови наследување – законско и тестаментално;
4. Здобивање со оставина и откажување од наследство.

### 2.1.4 СЕМЕЈНО ПРАВО

1. Склучување и престанок на брак – поништување и развод на брак;
2. Семејно насилство според Законот за семејство – мерки за заштита на семејството и лицата кои се жртви на семејно насилство;
3. Издржување – на брачниот другар, на децата, на родителите и на други роднини и определување издршка.

### 2.1.5 ТРУДОВО ПРАВО

1. Договор за вработување;
2. Забрана на дискриминација и видови дискриминација;
3. Приправнички стаж, волонтерски стаж и пробна работа;
4. Плаќање на работата – плати и надоместоци;
5. Надомест на штета;
6. Штрајк;
7. Престанок на работниот однос и отказ на договорот за вработување – редовен и вонреден.

### 2.1.6 ЗАШТИТА НА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА И ПРАВОТО НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

- Граѓанско-судска заштита.

## 2.2 ГРАЃАНСКО ПРОЦЕСНО ПРАВО

### 2.2.1 ПАРНИЧНА ПОСТАПКА

1. Странки и нивен законски застапник;
2. Полномошници;
3. Доставување на писмена;
4. Тужба, видови тужби и одговор на тужба;
5. Сопарничари;
6. Докази, изведување и обезбедување докази;
7. Законски претпоставки за одржување на главна расправа;
8. Пресуда, видови пресуди;
9. Редовни правни лекови – основи за поднесување жалба и одлуки по жалба, вонредни правни лекови, видови и основи;
10. Посебни постапки според Законот за парничната постапка и Законот за семејството (бракоразводни и издршка).

### 2.2.2 ВОНПРОЦЕСНА ПОСТАПКА

1. Постапка за лишување од деловна способност и прогласување лица за деловно способни;
2. Делба на заеднички предмети или имот.

### 2.2.3 ПОСТАПКА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊЕТО

– Општо (од член 1 до член 8 од Законот за обезбедување на побарувањето („Службен весник на Република Македонија“, број 87/2007);

- Средства за обезбедување на побарувања.

**<u>Литература за граѓанско право</u>**

- ❖ Закон за облигациските односи („Службен весник на Република Македонија“, број 18/01), Закон за изменување и дополнување на Законот за облигациските односи („Службен весник на Република Македонија“, број 4/02), Закон за изменување на Законот за облигациските односи („Службен весник на Република Македонија“, број 5/03), Закон за изменување и дополнување на Законот за облигациските односи („Службен весник на Република Македонија“, број 84/08), Закон за изменување на Законот за облигациските односи („Службен весник на Република Македонија“, број 81/09), Закон за изменување и дополнување на Законот за облигациските односи („Службен весник на Република Македонија“, број 161/09);
- ❖ Закон за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија“, број 18/2001), Одлука на Уставен суд од 20.02.2008, Закон за изменување и дополнување на Законот за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија“, број 92/08); Закон за изменување и дополнување на Законот за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија“, број 139/09), Закон за дополнување на Законот за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија“, број 35/2010);
- ❖ Закон за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“, број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08); Одлука на Уставен суд од 11.02.2009 година, Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“, број 42/2010), Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“, број 47/2010 и 24/2011); Одлука на Уставен суд од 14.01.2009, од 11.02.2009, од 12.01.2011 и од 09.02.2011);
- ❖ Закон за наследување („Службен весник на Република Македонија“, број 47/96);
- ❖ Закон за семејство – пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“, број 157/08), Одлука на Уставен суд од 09.09.2009; Закон за изменување и дополнување на Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија“, број 67/2010 и 156/2010);
- ❖ Закон за судовите („Службен весник на Република Македонија“, број 58/2006), Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“, број 35/2008 и број 150/2010);
- ❖ Закон за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“, број 79/05), Закон за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“, број 110/2008), Закон за дополнување на Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“, број 83/09) и Закон за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“, број 116/2010);
- ❖ Закон за парничната постапка – пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“, број 7/2011);

- ❖ Закон за обезбедување на побарувањето („Службен весник на Република Македонија“, број 87/07);
- ❖ Закон за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија“, број 9/08);
- ❖ Закон за работните односи – пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“, број 16/2010), Закон за изменување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“, број 50/2010), Одлука на Уставен суд на Република Македонија од 14.4.2010, Закон за дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“, број 52/2010 и 124/2010);
- ❖ Закон за работните односи – пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“, број 158/2010; Закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“, број 47/2011 и 11/2012);
- ❖ Закон за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија“, број 115/2010); исправка на Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија“, број 140/2010 и дополнување на Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија“, број 51/2011), во делот што се однесува на судската заштита.
- ❖ Законот за индустриската сопственост („Службен весник на Република Македонија“, број 21/2009) и Закон за изменување на Законот за индустриска сопственост („Службен весник на Република Македонија“, број 24/2011), во делот што се однесува на судската заштита.

## 2.3 ТРГОВСКО ПРАВО

### 2.3.1 ТРГОВСКИ ДРУШТВА

1. Трговец, трговец-поединец и видови на трговски друштва – општо;
2. Видови тужби:
    - Тужба за утврдување ништовност на трговско друштво;
    - Правото на содружникот, односно на акционерот за судска заштита и за оцена на законитоста;
    - Тужба за утврдување ништовност на упис;
    - Тужба за утврдување ништовност и побивање одлука на собранието и одлука донесена на собирот на содружниците или со одлучување преку допишување;
    - Судско испитување на одлуката за соодносот за размена при статусна промена.

### 2.3.2 СТЕЧАЈ

1. Услови за отворање на стечајна постапка (основи за утврдување на постоење на стечајна постапка, иницирање на стечајна постапка);
2. Органи на стечајната постапка (видови, надлежности);
3. Стечајна маса (оформување, проценка, обезбедување на имотот);
4. Доверители на стечајната маса (видови, рангирање, права);
5. Разлачни и излачни доверители;
6. Тужба во стечајна постапка (видови, рок за поднесување);
7. Заклучување и запирање на стечајната постапка.

### 2.3.3 ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. Поим и правна природа на хартиите од вредност;
2. Видови хартии од вредност.

### 2.3.4 ОБЛИГАЦИСКО ПРАВО

1. Договори во стопанскиот промет (осигурување, градење, превоз, лизинг).

**<u>Литература за трговско право</u>**

- Закон за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“, број 28/04), Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“, број 84/05), Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“, број 25/07), Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“, број 87/08); Одлука на Уставен суд на Република Македонија од 11.02.2009 година, Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“, број 42/2010), Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“, број 47/2010 и 24/2011); Одлука на Уставен суд од 14.01.2009, од 11.02.2009, од 12.01.2011 и од 09.02.2011;
- Закон за стечај („Службен весник на Република Македонија“, број 34/2006), Закон за изменување и дополнување на Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“, број 126/2006), Закон за изменување и дополнување на Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“, број 84/07), Одлука на Уставен суд на Република Македонија од 19.12.2007 и од 23.09.2009 и измени и дополнувања на Законот за стечај (Службен весник на Република Македонија“, број 47/2011);
- Закон за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“, број 95/2005), Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“, број 25/2007), Одлуки на Уставен суд на Република Македонија од 04.07.2007, 19.09.2007, 7.11.2007, 28.11.2007, Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“, број 7/08), Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“, број 57/2010 и 135/2011);
- Закон за облигациските односи („Службен весник на Република Македонија“, број 18/01), Закон за изменување и дополнување на Законот за облигациските односи („Службен весник на Република Македонија“, број 4/02), Закон за изменување на Законот за облигациските односи („Службен весник на Република Македонија“, број 5/03), Закон за изменување и дополнување на Законот за облигациските односи („Службен весник на Република Македонија“, број 84/08), Закон за изменување на Законот за облигациските односи („Службен весник на Република Македонија“, број 81/09), Закон за изменување и дополнување на Законот за облигациските односи („Службен весник на Република Македонија“, број 161/09).

## 3. УСТАВНО ПРАВО

1. Темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија;

2. Слободи и права на човекот и граѓанинот;
3. Статусот и правата на малцинските заедници;
4. Поделба на власта;
5. Уставната положба на судството во Република Македонија;
6. Уставната положба на Јавното обвинителство во Република Македонија;
7. Уставната положба на народниот правобранител;
8. Уставната положба на адвокатурата;
9. Уставност и законитост;
10. Уставната положба на Уставниот суд на Република Македонија.

**Литература за уставно право**

- Устав на Република Македонија, со амандмани на Уставот I – XXXI („Службен весник на Република Македонија", број 52/91); амандман I-II („Службен весник на Република Македонија", број 1/92); амандман III („Службен весник на Република Македонија", број 31/98); амандмани IV-XVIII („Службен весник на Република Македонија", број 91/01); амандман XIX („Службен весник на Република Македонија", број 84/03); амандмани XX-XXX („Службен весник на Република Македонија", број 107/05); амандман XXXI („Службен весник на Република Македонија", број 3/09).

## 4. УПРАВНО ПРАВО

1. Органи на државната управа во Република Македонија – општо;
2. Управно-судска заштита:
   - Управниот суд и неговата надлежност;
   - Странки во управен спор;
   - Основи за иницирање на управен спор.

**Литература за управно право**

- Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија", број 58/2000), Закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија", број 44/2002), Закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија", број 82/08) и Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија", број 167/2010 и 51/2011);
- Закон за управните спорови („Службен весник на Република Македонија", број 62/06), Одлука на Уставен суд на Република Македонија од 13.02.2008), Одлука на Уставен суд на Република Македонија од 16.9.2009;
- Закон за судовите („Службен весник на Република Македонија", број 58/2006), Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија", број 35/2008 и број 150/2010).

## 5. МЕЃУНАРОДНО ПРАВО

### 5.1 ИЗВОРИ НА МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО

1. Меѓународни договори;
2. Меѓународни обичаи;
3. Општи принципи на правото, признати од цивилизираните народи.

### 5.2 МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

### 5.3 ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

1. Структура и органи на ООН;
2. Надлежности.

### 5.4 СОВЕТ НА ЕВРОПА

- Структура и органи

    1. Генерален секретар;
    2. Комитет на министри;
    3. Парламентарно собрание.

- Видови акти на Советот на Европа

- Европска конвенција за човекови права

    1. Европска конвенција за човекови права:
        - Интерпретација на Конвенцијата;
        - Конвенцијата и националното право;
        - Конвенцијата и Европската унија;
    2. Право на живот – член 2;
    3. Забрана за мачење – член 3;
    4. Право на слобода и сигурност – член 5;
    5. Право на правично судење – член 6;
    6. Право на почитување на приватниот и семејниот живот – член 8;
    7. Слобода на уверување, совест и религија – член 9;
    8. Слобода на изразување – член 10;
    9. Слобода на собирање и здружување – член 11;
    10. Право на ефективен лек – член 13;
    11. Забрана на дискриминација – член 14.

## 5.5 ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК (ЧЛЕН 6 СТАВ 1 ОД ЕКЧП) – НАДЛЕЖНОСТ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 5.6 ЕВРОПСКИ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

1. Надлежност на ЕСЧП;
2. Меѓудржавни и индивидуални жалби;
3. Конечност и дејство на пресудите на ЕСЧП;
4. Пресуди на Европскиот суд за човекови права во постапки иницирани против Република Македонија:
   - Јашар v. Република Македонија – (A.no. 69908/01) пресуда од 15/02/2007;
   - Аџи Спирковска и др. v. Република Македонија – (A.no. 38914/05;17879/05) одлука од 3/11/2011;
   - Василковски и др. v. Република Македонија – (A.no. 28169/08) пресуда од 28.10/2010;
   - Радко v. Република Македонија – (A.no. 18002/02) пресуда од 16/07/2009;
   - Стојановски (A.no.1431/03) пресуда од 22/10/2009;
   - Атанасов(2) v. Република Македонија – (A.no. 41188/06) пресуда од 19/04/2011;
   - Стојменов v. Република Македонија – (A.no. 17995/02) пресуда од 05/04/2007;
   - Спасовски v. Република Македонија – (A.no. 45150/05) пресуда од 10/06/2010;
   - Бајалџиев v. Република Македонија – (A.no. 4650/06) пресуда од 25/10/2011;
   - Митревски v. Република Македонија – (A.no. 33046/02) пресуда од 21/06/2007;
   - Николов v. Република Македонија – (A.no. 41195/02) пресуда од 20/12/2007;
   - Стојановски v. Република Македонија – (A.no. 41916/04) пресуда од 06/05/2010;
   - Јовановски v. Република Македонија – (A.no. 40233/03) пресуда од 25/03/2010;
   - Арсов v. Република Македонија – (A.no. 44208/02) пресуда од 19/10/2006;
   - Маркоски v. Република Македонија – (A.no. 22928/03) пресуда од 02/11/2006;
   - МЗТ Леарница v. Република Македонија – (A.no. 26124/02) пресуда од 30/11/2006;
   - Дика v. Република Македонија – (A.no. 13270/02) пресуда од 31/05/2007;
   - Руфи Османи v. Република Македонија – (A.no. 50841/99) одлука од 11/10/2001;
   - Паризов v. Република Македонија – (A.no. 14258/03) пресуда од 07/02/2008;
   - Ѓозев v. Република Македонија – (A.no. 14260/03) пресуда од 19/06/2008;
   - Лазароски v. Република Македонија – (A.no. 4922/04) пресуда од 08/10/2009;
   - Шурбаноска и др. v. Република Македонија – (A.no. 36665/03) одлука од 31/08/2010;
   - Спасески и др. v. Република Македонија – (A.no. 15905/07) одлука од 27/09/2011;
   - Дума v. Република Македонија – (A.no. 24660/03) пресуда од 07/05/2009.

## 5.7 МЕЃУНАРОДНИ СУДСКИ ИНСТАНЦИИ

1. Меѓународен суд на правдата – надлежност и структура;
2. Меѓународниот кривичен суд и Римскиот статут – надлежност и структура;
3. Меѓународен кривичен суд за поранешна Југославија – надлежност и структура.

## 5.8 МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО И МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА ПОМОШ

1. Постапка за екстрадиција и трансфер на осудени лица;
2. Признавање и извршување на странски судски одлуки;
3. Соработка во областа на кривичната материја;

4. Соработка во областа на граѓанската материја.

**Литература за меѓународно право**

- Европска конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, изменета со Протоколот бр. 11, 13, 14 (заедно со Протоколите бр. 1, 4, 6 и 7);
- Закон за судовите („Службен весник на Република Македонија“, број 58/2006), Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“, број 35/2008);
- Закон за меѓународно приватно право („Службен весник на Република Македонија“, број 87/07);
- Конвенција за трансфер на осудени лица, со протоколите;
- Конвенција за екстрадиција, со протоколите;
- Европска конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, со протоколите и Вториот дополнителен протокол;
- Статут на Меѓународниот кривичен суд (Римски статут).

**Корисни интернет-линкови:**

www.un.org
www.icc-cpi.int
www.coe.int
http://www.un.org/law/icc/statute/romefra.htm
http://pravda.gov.mk/presudi2011.asp?lang=mak&id=7000

## 6. ПРАВО НА ЕВРОПСКА УНИЈА

Институции и тела на Европската унија:

1. Европски совет;
2. Институции:
    - Совет;
    - Комисија;
    - Европски парламент;
    - Тела основани од договорите на Европските заедници или врз основа на нив;
    - Советодавни комитети, Европска централна банка, Европски правобранител;
3. Хиерархија на изворите на право:
    - Примарно право;
    - Секундарни прописи;
4. Начела на правото на Европската унија;
5. Судски систем на Европската унија:
    - Европски суд за правда:
        - Надлежност и постапка.

**Напомена**: Сите теми предвидени погоре треба да се изучуваат согласно Лисабонскиот договор потпишан на 13.12.2007 година, а стапен во сила на 1.12.2009 година.

**Корисни интернет-линкови:**

www.europa.eu
www.coe.int

**Дополнителна литература за усниот дел од испитот:**

- Закон за Академија за судии и јавни обвинители на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", број 88/2010);
- Закон за судовите (Службен весник на Република Македонија", број 58/06, 35/08 и број 150/2010);
- Закон за Судскиот совет („Службен весник на Република Македонија", број 60/2006) и Закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет („Службен весник на Република Македонија", број 150/2010 и број 100/2011);
- Закон за јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија", број 150/07, 111/08);
- Закон за Советот на јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија", број 150/07) и Закон за изменувањето и дополнувањето на Законот за Советот на јавните обвинители („Службен весник на Република Македонија", број 100/2011);
- Кодекс на судиска етика (www.mja.org.mk);
- Кодекс на јавнообвинителска етика (www.zjorm.org.mk);
- Стратегија за реформа на правосудниот систем, со анекси од 2004 година (www.pravda.gov.mk);
- Европска повелба за статусот на судиите (www.coe.int);
- Препорака R (94) 12 на Комитетот на министри до државите-членки за независноста, ефикасноста и улогата на судиите (www.coe.int);
- Препорака R (2000) 19 на Комитетот на министри до државите-членки за улогата на јавните обвинители во кривичниот систем на правдата (www.coe.int);
- Кодекс на однесување на судиите – Нацрт од Бенгалор (www.jpacademy.gov.mk).

Академија за судии и јавни обвинители

**Претседател на Управен одбор,**

**Љубомир Јовески**